ЗАПИСНИК
од 50-та седница на Советот
одржана на 02.11.2012 година

Присутни членови на Советот: м-р Зоран Трајчевски, м-р Милаим Фетаи, акад. Бојан Шоптрајанов, Бранко Радовановиќ, м-р Алма Машовиќ, м-р Борис Арсов, м-р Методија Јанчески, Лазо Петрушевски, м-р Васко Петревски, Селвер Ајдини, Замир Мехмети, Столе Наумов, Антонио Јовановски, Методи Стоименовски.

Отсутни членови на Совет: Селадин Џезаири (оправдано отсутен).

Присутни од Стручна служба: м-р Андриана Скерлев – Чакар, Огнен Неделковски, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, м-р Драгица Љубевска, Јетон Исмаили, Луција Ѓурковиќ и Ружица Бошнакоска - Јотевска.

Присутни новинари: Златкоски Митко од ТВ Телма, Михајло Видимлиски и Мартин Додевски од 24 Вести, Соња Јовановиќ од ТВ Телма.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски ја отвори 50-та седница на Советот за радиодифузија на РМ. По однос на дневниот ред, предложи одредени измени, односно како прва точка во дневниот ред предложи да се додаде "Усвојување на Записникот од Координација на Советот за радиодифузија на РМ одржана на ден 01.11.2012 година", точка број 3 да биде "Одобрување средства за користење на службен мобилен телефон од страна на Сандра Башиќ – Хрватин, експерт на TAIEX" и точка број 4 "Предлог - Одлука за орочување на средствата на Советот за радиодифузија на РМ". Предлозите за дневниот ред за 50-та седница, со 13 гласа „за“, беа едногласно усвоени. (членот на Советот, Антонио Јовановски не беше присутен во текот на гласањето).

Други предлози за дополнување и измена на дневниот ред не беа понудени. Советот со 13 гласа „за“, (членот на Советот, Антонио Јовановски не беше присутен во текот на гласањето), го усвои следниот:

Д н е в е н р е д

1. Усвојување на Записник од Координација на Советот за радиодифузија на РМ одржана на ден 01.11.2012 година.
2. Информација во врска со плаќањето на надоместокот за дозволата за вршење радиодифузна дејност за трговските радиодифузни друштва, врз основа на доставени пресметки на 18 октомври 2012 година.
3. Одобрување средства за користење на службен мобилен телефон од страна на Сандра Башиќ – Хрватин, експерт на TAIEX.
4. Предлог - Одлука за орочување на средствата на Советот за радиодифузија на РМ.
5. Разно

Точка 1

Советот го разгледа Записникот од Координација на Советот за радиодифузија на РМ одржана на ден 01.11.2012 година.

Советот со 12 гласа „за“ и еден воздржан глас од членот на Советот, Методи Стоименовски, го усвои Записникот од Координација на Советот за радиодифузија на РМ одржана на ден 01.11.2012 година, во текстот како што беше предложен. (членот на Советот, Антонио Јовановски не беше присутен во текот на гласањето).

Точка 2

Советот ја разгледа предложената Информација во врска со плаќањето на надоместокот за дозволата за вршење радиодифузна дејност за трговските радиодифузни друштва, врз основа на доставени пресметки на 18 октомври 2012 година.

Раководителот на Секторот за економско-финансиски работи објасни дека согласно Законот за радиодифузната дејност, Правилникот за процедурите на финансиското и сметководственото работење на Советот за радиодифузија на РМ, доделената дозвола и Анексот Б на дозволата, на трговски радиодифузни друштва ТРД Радио Кавадарци од Кавадарци, ТРД Радио Валандово од Валандово, ТРД Радио Фокус од Тетово, ДРД Еко Радио од Пробиштип и ТРД Радио Медисон од Кичево им се доставени пресметки за надоместокот за дозволата за вршење радиодифузна дејност. Заклучно со наведениот рок, 1 ноември 2012 година, две друштва ја исполниле својата обрска и тоа: ТРД Радио Кавадарци од Кавадарци и ТРД Радио Медисон од Кичево. Останатите три трговски радиодифузни друштва ТРД Радио Валандово-Валандово, ДРД Еко Радио- Пробиштип и ТРД Радио Фокус - Тетово не ја исполнија својата обврска, односно не го уплатиле пресметаниот надоместок за дозволата. Во однос на предметната информација предложи и заклучок, изработен во соработка со Секторот за правни работи.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, предлог-заклучокот од Информација во врска со плаќањето на надоместокот за дозволата за вршење радиодифузна дејност за трговските радиодифузни друштва, врз основа на доставени пресметки на 18 октомври 2012 година, го стави на гласање.

Советот едногласно со 14 гласа „за“, ја усвои Информацијата во врска со плаќањето на надоместокот за дозвола за вршење радиодифузна дејност за трговските радиодифузни друштва врз основа на доставените пресметки на 18 октомври 2012 година.

Советот за радиодифузија на РМ согласно член 64 од Законот за радиодифузната дејност и член 23 став 1 од Правилникот за процедурите на финансиското и сметководственото работење на Советот за радиодифузија на РМ (“Сл. весник на РМ„ бр.64/2012), иницира постапка за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност, на трговските радиодифузни друштва: ТРД Радио Валандово од Валандово, ДРД Еко Радио од Пробиштип и ТРД Радио Фокус од Тетово, кои по доставената пресметка не извршија плаќање на надоместокот за дозволата во наведениот рок од 15 дена.

Советот одлучи да упати последно предупредување до сите наведени трговски радиодифузни друштва, кои по доставената пресметка не извршија плаќање на надоместокот за дозволата, да го платат долгот кон Советот во рок од 15 дена од иницирањето на постапката за одземање на дозволата, известувајќи ги дека во спротивно, согласно иницираната постапка за одземање на дозволата, Советот ќе донесе одлука за одземање на дозволите за вршење радиодифузна дејност.

Согласно член 23 став 3 од Правилникот за процедурите на финансиското и сметководственото работење на Советот за радиодифузија на РМ, во случај имателот на дозволата да изврши плаќање по иницирање на постапката за одземање на дозволата, а пред донесување на одлуката на Советот, постапката за одземање на дозволата се запира.

Точка 3

Советот го разгледа предлог - одобрувањето средства за користење на службен мобилен телефон од страна на Сандра Башиќ – Хрватин, експерт на TAIEX.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, ја објасни потребата од одобрување средства за користење на службен мобилен телефон од страна на Сандра Башиќ – Хрватин, експерт на TAIEX, кој е анагажиран за изработка на Стратегијата за развој на радиодифузната дејност на Советот за радиодифузија за периодот од 2013-2017 година.

Советот донесе едногласна одлука за одобрување средства за користење на службен мобилен телефон од страна на Сандра Башиќ – Хрватин, експерт на TAIEX, за време на траењето на TAIEX мисијата во Скопје.

Советот го задолжи Секторот за технологии и информатика да и додели службен мобилен телефон на Сандра Башиќ – Хрватин, експерт на TAIEX, согласно условите наведени во одлуката

Точка 4

Советот донесе едногласна Одлука за орочување на средствата на Советот за радиодифузија на РМ во банката чија понуда беше најповолна.

Беше заклучено Советот за радиодифузија на РМ да потпише договори со банката чија понуда беше најповолна и со тие договори да се уредат меѓусебните односи на двете договорни страни.

Точка 5

Разно

- Советот ја разгледа Информацијата за досега реализирани активности во рамките на проектот SEE Digi TV, со преглед на активности кои претстојат до завршување на проектот и акт за примопредавање на работните задачи, обврски и информации, со цел непречено продолжување и реализацијата на проектот.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, информира дека вработениот Виш соработник во Секторот за европска и меѓународна соработка и односи со јавноста, Јордан Ѓорѓиевски, кој ја подготвил информацијата, бил поканет да присутвува на седницата со цел да ја образложи, но дека Јордан Ѓорѓиевски не дошол на седница.

Вишата соработничка од Секторот за европска и меѓународна соработка и односи со јавноста, со која Јордан Ѓорѓиевски, требаше да изврши примопредавање на работните задачи, обврски и информации, со цел непречено продолжување и реализацијата на проектот, кажа дека примопредавањето не е извршено. Објасни дека остварила состанок со Јордан Ѓорѓиевски, кој и рекол дека може да најде одговори за сите прашања во одреден фолдер и папка во компјутерот. Пота таа додаде, дека кога побарала одредени материјали кои и биле потребни и кои биле од голема важност во рамките на проектот SEE Digi TV, не успеала да ги најде.

Раководителот на Секторот за економско-финансиски работи, во однос на финансиската конструкција, односно во делот кој се работи за финансирање на проектот, рече дека информациите и податоците се проверени и за сите постои потребната документација.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, рече дека во присуство на Раководителот на Стручната служба и Драгица Љубевска остварилe состанок со Јордан Ѓорѓиевски, каде му било укажано дека е потребно да се направи примопредавање на работните задачи, обврски и информации, но од негова страна тоа

не било сторено. Од таа причина, а со цел Советот да се заштити од било какви последици кои евентуално би настанале од немањето информации, одредена документација и слично предложи Советот да не ја усвои информацијата, а одговорноста да ја сноси лицето кои не го направило примопредавањето.

Советот со 13 гласа „за“ и еден воздржан глас од членот на Советот, Столе Наумов, не ја усвои предложената "Информација за досега реализирани активности во рамките на проектот SEE Digi TV", подготвена од Јордан Ѓорѓиевски, затоа што информацијата не беше потполна и не ги содржеше потребните информаци согласно дадените насоки од Советот за радиодифузија, односно не содржеше детален преглед на активности кои претстојат до завршување на проектот и акт за примопредавање на работните задачи, обврски и информации, со цел непречено продолжување и реализацијата на проектот,

Советот за радиодифузија не го прифати делот од Информацијата за досега реализирани активности во рамките на проектот SEE Digi TV, во кој се вели дека е направено примопредавање на работните задачи, обврски и информации, од причина што не беше направен записник за примопредавање на работните задачи, обврски и информации, односно работниците м-р Борче Маневски и Јордан Ѓорѓиевски не извршија писмено примопредавање на работните задачи, обврски и информации на м-р Драгица Љубевска, со цел непречено продолжување и реализација на проектот.

- Советот за радиодифузија на РМ едногласно го прифати предложениот Договор за отстапување на побарување без надомест, бр.03-5628/1 од 02.11.2012 година и го овласти Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски во име на Советот да го потпише договорот за отстапување на побарување без надомест. (членот на Советот, Бранко Радовановиќ, не беше присутен за време на гласањето).

Бр. 02-5500/7
26.11.2012 година
С к о п ј е

Совет за радиодифузија на РМ
П р е т с е д а т е л,

м-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ, с.р.

Записникот го водеше,
Ружица Бошнакоска Јотевска

Изработил/одобрил: Ружица Бошнакоска Јотевска